# студентско ехо



БРОЈ 28, ЈУЛИ 2025
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

GOCE DELCEV UNIVERSITY

ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY

Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

## СОДРЖИНА:


4 ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МИРАКОВСКИ РЕИЗБРАН ЗА РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”-ШТИП
6 ИЗБРАНИ ДЕКАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТИТЕ НА УГД
8 ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ЌЕ ГО РАКОВОДИ ЖЕНА
10 УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ПРЕКУ ACE2EU ГО ОСВОЈУВА ЕДИНСТВЕНИОТ ОБРАЗОВЕН ПРОСТОР ВО ЕВРОПА
12 ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ 18 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”
13 УГД ПОДГОТВЕН ГО ДОЧЕКУВА УПИСОТ НА СТУДЕНТИ ВО ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА
15 ТОМИ КЕШ ЕКСКЛУЗИВНА ЅВЕЗДА НА THE FESTIVAL 2025
16 ИНТЕРВЈУ СО ЛОГИН КОЧИШКИ, ОРГАНИЗАТОР НА “THE FESTIVAL”
18 НАЈНОВИТЕ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ ОД SAMSUNG И APPLE
19 ВЛИЈАНИЕТО НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВРЗ РАБОТНАТА СИЛА
21 ИДНИНАТА НА ЕНЕРГИЈАТА ОД ВЕТЕР И СОЛАРНИ ПАНЕЛИ
22 „ПРАШАЈ ГО ГПТ“ – КОИ СЕ НАЈЧЕСТИТЕ ПРАШАЊА ШТО ТИ ГИ ПОСТАВУВААТ ЛУЃЕТО ОД МАКЕДОНИЈА?
23 РАСТОТ НА NVIDIA
25 ОДБОЈКАРИТЕ НА ШТИП УГД ВО ЧЕЛИНЏ КУПОТ НА ЕВРОПА
28 ЗАВРШИ СВЕТСКОТО КЛУБСКО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ
29 НОВИ И ИНТЕРЕСНИ ФИЛМОВИ ЗА ЛЕТО


## ИМПРЕСУМ:


„Студентско ехо“ 28
Студентско списание
Катедра по новинарство и односи со јавноста
Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“
Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година
(основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)

Главен и одговорен уредник:
проф. д-р Андон Мајхошев

Графички уредник и фотографија:
Александар Максимов

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

# ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МИРАКОВСКИ РЕИЗБРАН ЗА РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”-ШТИП



Академската заедница на УГД избра ректор. Тоа е актуелниот Ректор на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, кој, повторно ја доби довербата од академската заедница да го води универзитетот и во наредните три години. На изборите за ректор, кои се одржаа на 12.06.2025 година, професорите со тајно гласање речиси едногласно му ја дадоа довербата. Изборот на проф. Мираковски за прв човек на УГД всушност претставува продолжување на веќе започнатиот курс во развојот на Универзитетот во меѓународни рамки, односно негова интернационализација, вмрежување и соработка со многу други престижни универзитети ширум Европа и светот. Нова димензија и додадена вредност на интернационализацијата на УГД обезбедува и Алијансата ACE2EU. Ректорот Мираковски во својата Програма, исто така, најави дека ќе ги продолжи активностите кои се започнати од претходниот мандат.

Во Програма за работа што ја понуди за период 2025-2028 година, во развојот на УГД како приоритети се наведени следните: 1) УГД како дел од Европската универзитетска алијанса ACE2EU; 2) Наука што создава иднина; 3) Наставата како двигател на знаењето во единствениот европски образовен простор; 4) Студенти без граници; 5) Пресретнување на трендот на намалување на студенти; 6) Подобрување на ефикасноста на универзитетската администрација; 7) Улогата и визијата на УГД во рамките на ACE2EU; 8) Кон интегриран европски универзитет; 9) Унапредување на научно истражувачката работа; 10) Подобрување на наставниот процес; 11) Развој на академскиот кадар, менторство и поддршка на студенти; 12) Развој на човечките ресурси и интернационализација; 13) Вклученост на студентите во одлучувањето; 14) Студентско претставување и дијалог и др.



Ректорот во неговиот прв мандат имаше добра комуникација и соработка со надлежните институции на државата, пред се со министерството со образование и наука, но и со органите на УГД, Студентското собрание и репрезентативниот Синдикат и секогаш преку дијалог ги решаваше проблемите на вработените и студентите.

Во септември се очекува Сенатот да го потврди изборот на ректорот Мираковски, но и да ги избере проректорите на предлог на Ректорот, со што ќе се комплетира најтесното раководство на УГД.

Важна алка во системот на раководење на Универзитетот се и деканите на 15те универзитетски единици (12 факултети и 3 академии), од кои се очекува да бидат дополнителна движечка и креативна сила на раководниот тим на Универзитетот на патот кон интегриран европски универзитет.

Официјалното продолжување на ректорската функција ќе се изврши на 15. септември, до кога трае првиот, а продолжува вториот мандат.

Според изјавата на претседателот на Комисијата за избор на ректор, проф. д-р Дејан Маролов, изборите се одржаа во фер и демократска атмосфера.



УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# ИЗБРАНИ ДЕКАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТИТЕ НА УГД

**На 11 факултети и 3 академии се избрани деканите. Изборот е извршен и спроведен во демократска атмосфера по пат на тајно гласање на членовите на Наставно-научните совети во своите единици, односно факултети. Според конечните резултати избрани се следниве професори за декани на единиците:**



**Правен факултет**
**проф. д-р Билјана Тодорова**



**Економски факултет**
**проф. д-р Марија Гогова-Самоников**



**Земјоделски факултет**
**проф. д-р Емилија Арсов**



**Електротехнички факултет**
**проф. д-р Тодор Чекеровски**



**Технолошко-технички факултет**
**проф. д-р Соња Јордева**



**Машински факултет**
**проф. д-р Сара Сребренковска**



**Факултет за информатика**
**проф. д-р Сашо Коцевски**



**Факултет за природни и технички науки**
**проф. д-р Ѓорѓи Димов**



**Филолошки факултет**
**проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровск**





**Факултет за образовни науки**
**проф. д-р Трајче Стојанов**



**Факултет за туризам и бизнис логистика**
**проф. д-р Наташа Митева**



**Музичка академија**
**проф. д-р Златка Митева**



**Ликовна академија**
**проф. д-р Слободан Милошевски**



**Филмска академија**
**проф. д-р Адријана Данчевска**

**Факултет за медицински науки**

**(поради еднаков број на гласови на кандидатите и во вториот круг гласање постапката за избор на декан ќе продолжи по годишните одмори)**

Пет декани обезбедија втор мандат, додека девет факултети, односно академии избраа нови раководни лица на институцијата. Интересен е фактот дека од 14 избрани декани/деканки, девет се жени, а пет се мажи. Бројките покажуваат дека жените знаат и можат успешно да раководат, а УГД се покажа како институција која посветува големо внимание во однос на родовата еднаквост и афирмација на жената научник.
Согласно Законот за високо образование на Македонија и Статутот на УГД, Сенатот и Ректорската управа го потврдија (верифицираа) нивниот избор. Раководните лица на факултетите официјално ќе стапат на должноста на 15.09.2025, кога ќе се изврши и официјално примопредавање на должноста.
Општ е заклучокот дека изборот на декани на сите универзитетски единици (факултети и академии) беше спроведен во фер и демократска атмосфера како што доликува на академската заедница.

GOCE DELCEV UNIVERSITY

ACE² EUROPEAN UNIVERSITY
Applied Connected Entrepreneurial & Engaged

# ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ЌЕ ГО РАКОВОДИ ЖЕНА



Изборите за декан на сите универзитетски единици на УГД завршија успешно. Успешно завршија и на Правниот факултет. Кандидати за декан беа проф. д-р Страшко Стојановски и проф. д-р Билјана Тодорова. Наставно научниот совет на Правниот факултет за декан ја избраа проф. д-р Билјана Тодорова, а резултатот беше многу тесен 10:9 во корист на проф. Билјана Тодорова. Изборот на декан на Правниот факултет предизвика особено внимание од аспект на продлабочување на колегијалноста и единство на колективот. Двата кандидати зад себе имаат импозантна академска кариера. Зад себе имаат многу книги, научноистражувачки проекти и истражувачки трудови. Тие се омилени професори кај студентите, но и во колективот. Двата кандидати уживаат огромен углед во академската заедница на нашата држава и пошироко. Програмите на кандидатите за декан се многу добри и реално остварливи.

Професорите од Правниот факултет истакнуваат дека и двата кандидати заслужуваат да го водат Правниот факултет. Тие сметаат дека, кој и да беше избран за декан, Факултетот ќе го води во вистинска насока.

По прогласување на резултатите од гласањето, кратка беседа одржа новоизбраната деканка, проф. Билјана Тодорова, која изрази благодарност до сите професори.



-“Изразувам голема благодарност за мојот изборот за декан. Да се биде декан на ПФ е голема чест, но тоа е голем предизвик и уште поголема одговорност кон УГД. Заедно со Вас максимално ќе се заложам да ја реализирам мојата програма, се разбира заедно со Ваша поддршка. Ќе продолжам да го развивам единството и колегијалноста на ПФ. Ќе градам и добра комуникација со Ректорската управа”-истакна Тодорова.

Прв кој и честиташе на новоизбраната деканка беше нејзиниот противкандидат, проф. д-р Страшко Стојановски.

-“Упатувам искрени честитки на мојата почитувана колешка проф. Билјана Тодорова. И посакувам успех во раководењето на ПФ. Од мене ќе ја има целосната поддршка во реализација на нејзината програма. Изборите беа фер и демократски”-изјави проф. Стојановски.

На проф. Тодорова и посакуваме успех во извршување на функцијата декан, а на проф. Стојановски му посакуваме нова шанса и нов предизвик во иднина.

Општ е заклучокот дека изборите за декан беа одржани во фер и демократска атмосфера, во која победи посреќниот.

Честитки и за Комисијата за избор на декан на ПФ, која беспрекорно ја спроведе постапката согласно законот и актите на УГД. Честитки и за деканката во заминување, проф. д-р Олга Кошевалиска, која во два мандата успешно го раководеше ПФ.

Новоизбраната деканка проф. д-р Билјана Тодорова ќе стапи на должност на 15.09.2025 година.





# УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ПРЕКУ ACE2EU ГО ОСВОЈУВА ЕДИНСТВЕНИОТ ОБРАЗОВЕН ПРОСТОР ВО ЕВРОПА

Универзитетот “Гоце Делчев”-Штип, преку Европската алијанса на универзитети (ACE2EU) го одбра европскиот образовен пат. Кратенката ACE2EU произлегува од првата буква на англиските зборови: Applied (применет), Connected (поврзан), Enterpreneurial (претприемнички) and Engaged (ангажиран) European University, кои во превод на македонски јазик значат: применет, поврзан, претприемнички и ангажиран европски универзитет. Универзитетот, благодарејќи на Алијансата започна да се интегрира во т.н. единствен образовен универзитетски простор, кој нуди многу образовни и развојни можности за студентите, професорите и вработените. Вклучувањето на УГД во ACE2EU претставува голема можност за негово институционално, дигитално и академско преобликување. На студентите, професорите и универзитетската администрација, преку Европската алијанса, широко им се отвора можност да престојуват на девет реномирани универзитети во Европа лоцирани во исто толку држави од различни географски простори и културни традиции и вредности.

Од Алијансата, како современ облик на асоцијација на европски универзитети најголем бенефит ќе имаат студентите, затоа што им овозможува да студираат на повеќе европски универзитети и да се стекнат со европска универзитетска диплома. Самиот престој на студентите на повеќе европски универзитети ќе придонесе да се живеат и практикуваат европските вредности, кои се темелот на развивање и опстојување на ЕУ.

Ректорот Мираковски заедно со неговите соработници го поставија Универзитетот да се движи на колосекот на современите европски универзитети, кои треба да бидат главен двигател кон европските интеграции на нашата земја. Ректорскиот форум, како облик на соработка и делување на европските универзитети е важно тело каде претставници на универзитетите дебатираат и развиваат реални идеи за  клучните предизвици и иднината на високото образование. На последниот Ректорски форум, кој се одржа во Подгорица, Црна Гора, Ректорот на УГД, проф. д-р Мираковски на еден од панелите зборуваше за значењето на транснационалната соработка и развојот на европската димензија на образованието и науката, пред се во контекст на иницијативата на иницијативата за Европските универзитетски алијанси. Еден од централните настани на форумот беше меѓународната конференција „Ulysseus“, која се фокусираше на улогата на универзитетите во процесот европските интеграции. Ректорот Мираковски ги презентираше заложбите на УГД за зајакнување на институционалните капацитети и промовирање на размена на студенти и вработени, истакнувајќи дека “иднината не се гради сама-универзитетите мора да го покажат правецот”. Оваа порака беше во согласност со основната тема на форумот, каде што се потенцираше потребата од заеднички проекти и размена на добри практики меѓу универзитетите во регионот.

Во развојот на концептот на Европската алијанска активно е вклучено и Одделението за меѓународна соработка на УГД, кое, несомнено даде голем придонес во развојот на концептот на делување на Европска универзитетска алијанса. Поради големата посветеност на УГД во развојот и афирмација на концептот на Европската алијанса на универзитети, Универзитетот заслужено ја доби титулата “ESCI Champion in the implementation of Erasmus Without Paper (EWP) 2025-2027“. Оваа титула се доделува по иницијатива на Европската комисија, а се доделува на една високо образовна институција од секоја Еразмус+ партнерска држава, односно држава која има национална агенција за европски образовни програми и мобилност и Еразмус+ чартер.

Програмата за работа на Ректорот во периодот 2025-2028 година, е визија и план за акција која треба да одговори на прашањето Каде сакаме да го видиме УГД до 2028 година? Во епицентарот на Програмата е Алијансата ACE2ЕУ во која се разработени мноштво идеи чија цел е интеграција на УГД во единствениот европски образовен и истражувачки простор. Во центарот на Програмата се студентите и нивните образовни потреби во дигиталната ера. Во неа децидно стои дека “крајна цел е студентите да не се чуствуваат како публика во образовниот процес, туку како активни актери кои имаат глас, улога и влијание врз тоа како изгледа Универзитетот-денес и во иднина” (Програма, стр. 27). За таа цел, се планира воспоставување на Програма за обука и развој на студентски лидери во соработка со националните младински организации, меѓу кои и создавање на UGD Idea Hub-платформа за студентски предлози и идеи, со јасен механизам за разгледување и реализација.

Една од најважните улоги што ја има УГД во ACE2EU е создавањето на единствениот европски меѓу-универзитетски кампус е т.н. e-Campus, кој ќе делува како дигитална платформа за сите заеднички дигитални и ИТ системи на сите партнерски универзитети, служејќи како централен инструмент за функционирање на целата Алијанса.

Една од клучните придобивки на членството на УГД во ACE2EU е пристапот до заеднички оперативни единици и ресурси, како што се APP Factory, Aries Incubator и Space Centre, кои претставуваат транснационални центри за развој на студиски програми, иновации, истражувања, општествени услуги и културна мобилност. Преку овие структури УГД ќе ги засили сопствените истражувачки структури, размена на know how, споделување на лабараториски и технолошки ресурси, како и заеднички пристап до финсиски средства од европските фондови.

Во контекст на интеграцијата на УГД во ACE2EU, ќе се спроведе структурна адаптација на развојните и истражувачките капацитети, која ќе ги одразува Horizon Europe столбовите. Се планира да се воведе Центар за извонредност кој ќе има функција за врвни истражувања, иновации, развој на знаење и унапредување на практиката во одредена научна, технолошка и општествена област. Центарот ќе биде институција во која ќе бидат сконцентрирани ресурси за експертиза, истражување со цел да се постигне меѓународна конкурентност, високи научни резултати и влијание врз општеството.

Наставата е многу важен аспект во развојот на УГД. За таа цел, УГД ќе развива образовна практика заснована на активна педагогија, интердисциплинарност, дигитална подготвеност и институционална поддршка. Во таа насока, ќе се настојува сите наставни програми да се ревидираат така што ќе вклучуваат вештини за 21 век: критичко размислување, соработка, иновација и културна писменост, низ призмата на алатките на можностите на вештачката интелегенција.

Освен студентите, значајно место во развојот на УГД имаат и човечките ресурси (вработените), кои се клучна компонента за посигнување на долгорочната визија на Универзитретот, на кои ќе биде овозможена континуирана поддршка за развој преку обуки, мобилности, менторства, интердисциплинарни работилници, дигитална писменост, управување со истражувачки процеси итн.

Да резимираме. Амбициите на УГД во рамките на ACE2ЕУ се движат во насока тој да биде универзитетет со висок европски дострел, кој на студентите ќе им овозможи престој на други осум европски универзитети каде тие ќе се вклучат во образовниот процес и истражувања, со изградени европски вредности во сите сфери на општественото живеење. Студентите преку Алијансата ќе добијат директен пристап до европски признати дипломи преку учество во заеднички студиски програми (Join European Degrees).  Алијансата е важен чекор кон доживување на нови искуства и унапредување на квалитетот на високото образование. Преки ова соработка, на студентите им се отвара нови хоризонти кои ги надминуваат границите на традиционалното образование. Преку ACE2EU, во наредните години ќе се реализираат над 13 илјади студентски мобилности, давајќи шанса на студентите да учествуваат во европски образовен екосистем без административни и институционални бариери. Оваа мобилност не е само патување, туку таа значи ново искуство, нови контакти, стекнување поголема самодоверба и интегрирање во мултикултурна академска средина. Алијансата нуди уникатна можност на студентите да се вклучат во европски тимови на знаење, кои ќе бидат составени од професори, студенти, експерти, истражувачи од различни професии и земји кои ќе работат заедно на решавање на европски и глобални предизвици во сферата на здравството, дигиталната трансформација, социјалната кохезија и одржливиот развој. Вклученоста во вакви тимови на студентите им овозможува практично искуство, вмрежување, и активно градење на нивниот портфолио.

Студирајќи на УГД, студентите имаат огромна можност да студираат на девет европски универзитети. Затоа, драги студенти запишете се на УГД, за да ја доживеете Европа и да се стекнете со заедничка европска диплома, како и да го почуствувате единството во различностите (европскиот мултикултикултурализам).



SANTARÉM POLYTECHNIC UNIVERSITY | Lietuvos inžinerijos kolegija | LATVIAN ACADEMY OF CULTURE | GOCE DELCEV UNIVERSITY | MEDICAL UNIVERSITY OF GDAŃSK | KÄRNTEN University of Applied Sciences | UFV Universidad Francisco de Vitoria | Technische Hochschule Ingolstadt

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ 18 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"









На 21. Мај 2025 година УГД ја одбележа годишнината од своето основање преку дебата и настан "18 години УГД-Партнерства и соработка". Годишнината беше одбележана преку одржување на три панели кои беа посветени на партнерствата и соработката на УГД со локалната самоуправа, бизнис секторот и меѓународната соработка на УГД.
На панелот за соработката меѓу УГД и локалната заедница зборуваа Ректорот, проф. д-р Дејан Мираковски и градоначалникот на Штип, м-р Иван Јорданов.
-Партнерствата и соработката со заедницата во којашто делуваме, со локалната самоуправа и реалниот сектор, за нас се од големо значење и оттука сакаме да ја пренесеме пораката на сите членови на академската заедница, дека тоа е голема можност да работиме заедно, да се усовршуваме заедно. Ние можеме да работиме и да учиме од реалниот сектор, исто како што можат и тие да ги користат ресурсите и знаењата што ги има Универзитетот. Преку денешниот настан сакаме да ја пренесеме пораката дека партнерството и соработката помеѓу реалниот сектор и локалната самоуправа, односно регионите во кои делуваме се базата за развој– изјави ректорот проф. д-р Дејан Мираковски.
Во однос на темата, на панелот учество зеде и градоначалникот на Штип, Иван Јорданов.
- Општина Штип и УГД тесно соработуваат. Како локална самоуправа имаме одговорност да создаваме услови за развој на Универзитетот Гоце Делчев. Развојот на УГД значи развој и на градот, а соработката што ја има локалната заедница со реалниот сектор, всушност е она што директно придонесува во развојот на Штип и локалната економија. Посакувам и во годините што доаѓаат да продолжи нашата соработка, а тоа да придонесе за поквалитетно образование и побрз развој на градот Штип- изјави Иван Јорданов.
Во рамките на дебатата забележителен настап имаше и Јелена Лазова, раководителка на секторот за Глобален развој, на„Алкалоид" – Скопје, која се осврна на соработката на нивната компанија со УГД и бизнис секторот. Во своето излагање, таа најави значаен проект кој Алкалоид и УГД ќе го имплементираат во наредните пет години. Таа ја истакна и соработката во сферата на практичната настава на студентите на УГД во Алкалоид АД-Скопје. Нашата соработка ќе се продлабочи, бидејќи во април 2025 година потпишавме Меморандум за соработка со УГД со цел реализирање заеднички проекти за стручно апликативни и научно-истражувачки работи, а фокусот ќе биде имплементацијата на одржливи фармацевтски пакувања и ќе трае до 2030 година. Целта на проектот за одржливи пакувања на фармацевтските производи ќе биде да се минимизира негативното влијание врз животната средина. Соработката се одвива и преку реализирање на практична настава на студенти и наставничкиот кадар од Факултетот за медицински науки реализираат во нашата компанија, истакна Јелена Лазова.
На Панел дискусијата "УГД и бизнис секторот" зборуваше и проректорот проф. д-р Дарко Лазаров, додека на Панелот Меѓународна соработка на УГД свое излагање имааа проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, проф. д-р Борка Тушевкса-Гавриловиќ и проф. д-р Сашо Коцески, кои ги истакнаа можностите за интернационализација на УГД преку Алијансата ACE2EU.



# УГД ПОДГОТВЕН ГО ДОЧЕКУВА УПИСОТ НА СТУДЕНТИ ВО ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 Г.

## УПИСИТЕ МОЖАТ ДА ПОЧНАТ

Министерството за образование и наука го објави Конкурсот за упис на нови студенти во академската 2025/2026 година. Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип ја започна трката за нови студенти во учебната 2025/2026 година. Од Универзитетот истакнуваат дека УГД подготвено ги дочекува престојните уписи и дека ќе запишат доволен број на студенти кој гарантира самоодржливост и развој на институцијата.
Во овој процес активно е вклучен и Центарот за односи со јавноста (ЦОЈ), кој перманентно ја информира јавноста за работата и постигнувањата на УГД и неговите организациони единици.
На ниво на УГД е формиран работен тим, кој преку целата година спроведува разни активности, посетува средните училишта во Штип, Источна Македонија и Скопје, претставувајќи ги пред средношколците и пошироката јавност сите студиски програми на универзитетот, односно факултетите и академиите. Во популаризација на Универзитетот и неговите универзитетски единици важна улога имаат и медиумите. За успешно спроведување на уписот формирана е Комисија на ниво на УГД, како и комисии на ниво на универзитетски единици (факултети и академии). Општ е заклучокот дека сите субјекти на Универзитетот посветено работеа за популаризација на факултетските единици за запишување на што поголем број студенти.

### Слободни места по факултети

Согласно распишаниот конкурс на ресорното министерство, на УГД има слободни 2.168 места за редовни студенти во државна квота, 1.075 за редовни студенти во квота со кофинансирање и 820 слободни места за вонредни студенти или вкупно на УГД има 4.063 слободни места на 12 факултети и 3 академии.

Бројот на слободни места по факултети е следниот:
- Правен факултет – 260 слободни места;
- Економски факултет – 310 слободни места;
- Факултет за образовни науки – 135 слободни места;
- Земјоделски факултет – 370 слободни места;
- Музичка академија – 163 слободни места;
- Ликовна академија – 30 слободни места;
- Филмска академија – 45 слободни места;
- Факултет за информатика – 510 слободни места;
- Факултет за природни и технички науки – 190 слободни места;
- Филолошки факултет – 460 слободни места;
- Факултет за медицински науки – 740 слободни места;
- Факултет за туризам и бизнис логистика – 470 слободни места;
- Електротехнички факултет – 160 слободни места;
- Машински факултет – 105 слободни места;
- Технолошко-технички факултет – 115 слободни места.

Пред стартот на уписите, Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски и проректорот за настава, проф. д-р Мишко Џидров одржаа прес конференција на која ги преставија и новините на новата уписна политика на УГД. Новина е тоа што најдобро рангираните студенти на одредени факултети ќе бидат ослободени од плаќање партиципација. Така, на Факултетот за медицински науки првите 20 најдобро рангирани студенти со успех од средно образование со над 80 поени ќе бидат ослободени од партиципација. Исто така, 10те најдобро рангирани студенти на Факултетот по Информатика, Правниот факултет, Економскиот факултет, Факултетот за туризам и бизнис логистика, Земјоделскиот, Факултетот за природни и технички науки ќе бидат ослободени од партиципација. По пет најдобро рангирани студенти од Факултетот за образовни науки, Машинскиот, Електротехничкиот, Технички-технолошкиот факултет и Музичката академија, исто така, ќе бидат ослободени од партиципација.
На Ликовна и Филмска академија ќе бидат ослободени од плаќање на партиципација на првите два најдобро рангирани студенти.
Филолошкиот факултет има повеќе поволности. Студентите кои ќе се запишат на Студиската програма по Македонски јазик ќе бидат ослободени од плаќање партиципација во сите четири години. Студентите кои ќе се запишат на студиските програми на Турски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност и Италијански јазик и книжевност ќе бидат ослободени од плаќање на партиципација согласно условите кои се дадени во конкурсот.
Спортистите кои настапуваат во универзитетските спортски екипи, исто така, се ослободени од партиципација.
На англиски јазик се активни студиските програми на Правниот, Економскиот, Факултетот по информатика и Медицинскиот факултет (Општа медицина и од оваа година и на Фармација).
Средношколците можат да се запишат на еден од гореневедените факултети во три уписни рока: првиот е на 20, 21 и 22 август, вториот 4 и 5 септември и третиот е на 17 и 18 септември 2025 година.
Со објавувањето на Конкурсот за упис на нови студенти стартуваше и електронскиот систем преку кој заинтересираните средношколци ќе можат да се пријавуваат за упис на УГД. Пријавувањето се врши на следниов линк: https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/




ГАБРИЕЛА КЛЕТНИЧКА-СТЕФАНОВ

# ТОМИ КЕШ

## ЕКСКЛУЗИВНА ЅВЕЗДА НА THE FESTIVAL 2025



Во минатиот број на Студентско Ехо го најавивме одржувањето на 15от по ред музички настан Д Фестивал во Штип. Од оваа година организаторот на настанот го ребрендира ќириличниот наслов "Д Фестивал" во латиничниот назив "The Festival", со што организаторот најавува нова ера на фестивалот. Домаќин на претходните четиринаесет изданија на Д Фестивал беше Дојран. Од 2025 година организаторите го преселија во Штип и во наредниот период ќе се одржува во центарот на источна Македонија. Градот, иако, има долга музичка и фестивалска традиција, сепак, овој настан беше добро освежување, со нов начин на претставување, музицирање и собирање на млади талентирани музичари, но и бендови кои опстојувале неколку децеении на музичката сцена во Македонија и пошироко.

Д Фестивал (The Festival) се смета за платформа и алтернативна на македонската музичка сцена, која се очекува да се развива, но и да даде шанса на нови млади музичари кои ќе ја градат својата кариера во амбиент којшто многу го посакуваат. Овој Фестивал е најголем летен open-air музички фестивал во Македонија кој се одржа под мотото "Почуствувај ја љубовта-почуствувај го градот". Меѓу посетителите преовладува мислењето дека The Festival треба да прерасне во слободна фестифалска зона, каде слободата на индивидуата ќе дојде до израз во вистинска смисла на зборот.

